НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОДБОР ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ
KËSHILLI PËR KORNIZËN NACIONALE TË KUALIFIKIMEVE
Бр.-Nr. 2112-107
19.07 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.137/13 и 30/16), Одборот за Националната рамка на квалификации, на седницата одржана на 31.01.2022 година ја донесе следната

ОДЛУКА

1. Квалификацијата **КАРОСЕРИСКИ МЕХАНИЧАР** се распоредува на ниво III, во Националната рамка на квалификации.
2. Ознаката за квалификацијата од точка 1 на оваа одлука во Регистарот на квалификации е **00107.**
3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Одборот за Национална рамка на квалификации на седницата одржана 25.05.2022 година ја разгледа и расправаше по квалификацијата **КАРОСЕРИСКИ МЕХАНИЧАР** со обем од 180 кредити, поднесена од страна на Министерство за образование и наука со бр. 12-сл од 09.05.2018 година и утврди дека има предлог и позитивно мислење бр. 2106-10/2 од 12.04.2021 година од Секторска комисија за машинство, изготвена е во согласност со Методологијата за развој на стандарди на квалификации бр.2608 од 06.02.2017 година како и дека е споредлива со таквите квалификации и дека ги исполнува барањата за ниво III, согласно Законот за Национална рамка на квалификации.

Имајќи го предвид горенаведеното Одборот за Национална рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за
Национална рамка на квалификации
Борчо Алексов

Република Северна Македонија ОДБОР ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ СКОПЈЕ SHKUP KËSHILLI PËR KORNIZËN NACIONALE TË KUALIFIKIMEVE Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до:
-Одделение за Национална рамка на квалификации
Изготвил: Екрем Илјаз
Контролирал: Нада Лазовска